**Известување за концентрација со која КАРИАД СЕ, Германија ќе стекне сопственост над софтвер во сопственост на Цоде Интеллигенце ГмбХ, Германија (предмет бр. 08-129/2026)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 208/24 и 16/25), на ден 02.09.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која КАРИАД СЕ, со регистрирано седиште на Мајор-Хирст-Штрасе 7, 38442 Волфсбург, Сојузна Република Германија ќе стекне сопственост над софтвер на Цоде Интеллигенце ГмбХ, со регистрирано седиште на Рајнверкаллее 6, 53227 Бон, Сојузна Република Германија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

КАРИАД СЕ се занимава со интерно развивање на автомобилски софтверски решенија и апликации за возилата на Фолксваген Групацијата и е зависно друштво во целосна сопственост (индиректна) на Фолксваген Актиенгезелшафт, кое е владејачко друштво на Фолксваген Групацијата.

Фолксваген Групацијата е активна на светско ниво со развој, производство, маркетинг и продажба на патнички автомобили, лесни комерцијални возила, камиони, автобуси, транспортни автобуси (coaches), шасии за автобуси и дизел мотори, мотоцикли, вклучувајќи резервни делови и дополнителна опрема. Фолксваген Групацијата исто така се занимава со дистрибуција на возила. Фолксваген Групацијата ги вклучува брендовите за моторни возила Фолксваген, Фолксваген Комршал Вехиклс (Volkswagen Commercial Vehicles), Порше (Porsche), Ауди (Audi), Шкода (Škoda), Бентли (Bentley), Ламборгини (Lamborghini), СЕАТ (SEAT), Купра (Cupra), МАН (MAN), Сканиа (Scania) и Дукати (Ducati). Дополнително, Фолксваген Групацијата го има основано и зависното друштво со бренд МОИА, кое е активно во развивање и маркетинг на мобилност, како што се возила на повик (ride hailing) и споделување на возила (car sharing). Фолксваген Групацијата е исто така активна преку специјализираното зависно друштво ПауерКо (PowerCo), по должината на синџирот на вредност на автомобилските батерии, односно од набавката на суровини и развојот на батериски ќелии до производството и рециклирањето, како и преку своето специјализирано зависно друштво КАРИАД СЕ, во областа на софтверот за автомобилската индустрија.

Фолксваген Групација е присутна во Република Северна Македонија преку следните зависни друштва:

- Порше Лизинг ДООЕЛ Скопје, со седиште на бул. „Босна и Херцеговина" бр. 3, Скопје;
- Порше Брокер АД Скопје, со седиште на бул. „Босна и Херцеговина" бр. 3, Скопје;
- Сканиа Македонија ДООЕЛ Илинден, со седиште на ул. „34" бр. 7 Илинден, Скопје;
- Порше Македонија ДООЕЛ Скопје, со седиште на бул. „Босна и Херцеговина" бр. 4, Скопје.

Претежна дејност на овие друштва во Република Северна Македонија е трговија со моторни возила и финансиски лизинг.

КАРИАД СЕ има намера да се стекне со права и сопственост над софтвер „ЦИ ФУЗЗ/ЦИ СПАРК" (во понатамошниот текст: „Софтвер"), вклучувајќи го придружниот софтвер и сите

поврзани артефакти. Софтверот е во сопственост на друштвото Цоде Интеллигенце ГмбХ, над кое е отворена стечајна постапка.

ЦИ Фузз и ЦИ Спарк се софтверски решенија за автоматизирано тестирање на компјутерски програми со цел откривање софтверски грешки и безбедносни ранливости, преку тестирање на софтверот со голем број различни влезни податоци, вклучително и неочекувани или неправилно формирани влезни податоци (т.н. „fuzz testing"). ЦИ Фузз ги спроведува овие автоматизирани тестирања, додека ЦИ Спарк користи вештачка интелигенција за поддршка при креирањето и спроведувањето на ваквите тестирања. Софтверот првенствено се користи во областите на развој на софтвер и ИТ-безбедност, вклучително и за автомобилски, вграден и индустриски софтвер.

Софтверот не е присутен на пазарот и не остварува приходи во Република Северна Македонија.

За потребите на оценка на предметната концентрација, подносителот на известувањето предлага релевантниот пазар да се дефинира како пазар на софтвер за автоматизирано тестирање на безбедноста во Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј" бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

04.09.2026 година
Скопје